[redacted]

Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
~~СУ~~ СПИ бр. 2 / 23
24.04. 2023 година
Кратово

[redacted]

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Колку правосилни пресуди за сите кривични дела против половата слобода и половиот морал, односно Силување - Член 186, Обљуба врз немоќно лице - Член 187, Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години - Член 188, Обљуба со злоупотреба на положбата - Член 189, Задоволување на полови страсти пред друг - Член 190, Посредување во вршење проституција - Член 191, Подведување и овозможување полови дејствија - Член 192, Прикажување на порнографски материјал на малолетник - Член 193, Производство и дистрибуција на детска порнографија - Член 193 – а, Намамување на обљуба или друго полово дејствие на малолетник кој не наполнил 14 години - Член 193 –б и Родоскврнавење - Член 194 има во Вашиот суд во изминатите десет години(2013, 2014, 2015, 2016, 2017, 2018, 2019, 2020, 2021, 2022), согласно месец март 2023 година?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- електронски запис

Начин на доставување на информацијата:

- е-маил

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.
Во Скопје, 24 април 2023 година

[redacted]

Subject **Fw: Барање ЗСПИЈК**
From [redacted]
Date 25-04-2023 13:55

- Барање ЗСПИЈК.pdf (~348 KB)

Почитувани,

Едно кусо дополнување.
Имено, ве молам при вашиот одговор имајте предвид дека не барам вкупна бројка на правосилни пресуди за сите дела. Туку за секое дело поединечно. Дополнително, колку од пресудите се осудителни, колко ослободителни.

Благодарам,

Со почит,

[redacted]

[redacted]

Почитувани,

Во прилог ви испраќам Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за потврда на оваа електронска пошта.

Го очекувам вашиот одговор во најбрз можен рок.

Со почит,

[redacted]

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.2/23
27.04.2023 год.
Кратово

**ДО**

[redacted]

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Основен суд Кратово

**ВРСКА:** Ваше барање од 24.04.2023 год.

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение СПИ.бр.2/23 од 27.04.2023 година по бараната информација.

Со почит,

Диме Петрушевски, службено лице

___________________________________

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.2/23
27.04.2023 год.
К р а т о в о

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 24.04.2023 година, имателот на информацијата Основен суд Кратово го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од барателот [redacted] за пристап до информации од јавен карактер со предмет: Колку правосилни пресуди има во судот во изминатите 10 години, за сите кривични дела против половата слобода и половиот морал, СЕ УВАЖУВА целосно.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од барателот [redacted], од 24.04.2023 година, имателот на информацијата Основен суд Кратово Ви ја доставува информацијата:

Во Основен суд Кратово во последните 10 години заклучно со март 2023 година има донесео една пресуда за сторено кривично дело по чл.186 ст.4 в.в. со ст.1 од КЗ „Силување“, а додека за другите кривични дела против половата слобода и половиот морал нема ниту една пресуда.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Основен суд Кратово на 27.04.2023 година, под СПИ.бр.2/23

По овластување на Претседателот на судот
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Диме Петрушевски, Судски советник

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово